УЧИТЕЛИ И УЧЕНИЦИ ОД ЛЕШОК ВО СТАРИ ФОТОГРАФИИ *)

Кога ќе се погледнат и проанализираат старите фотографии во нив може да се осознае животот и условите во кои живееле нашите претци. Посебно ми беа интересни фотографиите во кои беа сликани мајка ми и татко ми од нивната свадба од 1942 година, како и свадбата на баба ми и дедо ми од 1917 година. Интересни ми беа и фотографиите во кои беа облечени во војнички униформи дедо ми Трпо во 1916 година и татко ми Живко во 1946 година.
Но, за мене најинтересни ми беа две фотографии од 1924 и 1929 година на кои е насликан дедо ми Трпо Онуфриевски, како учител со ученици од Отуње, кои беа облечени во народна носија, но, нажлост фотографијата од 1924 година многу се оштети.
Пред некоја година дојдов преку интернет комуникација до фотографија со ученици во носија од Лешок од 1915 година, а свештеноучител е поп Ѓиго Онуфриевски.
Секогаш со посебен жар ги разгледував и како очите во глава ги чував моите фотографии од основно училиште во Лешок од второ, трето и четворто одделение ( 1958, 1959 и 1960 год.), во кои сум сликан, Јас, заедно со моите соучениците и со учителките.
Би ги издвоил и старите фотографии, во кои се сликани учениците и учителите во новото Школо во Лешок (1939 год.), во која е чичко ми Слободан, потоа учениците од 1952 година, во која е сликана сестра ми Милица со учениците и учителите и др.
Мојот интерес за важноста на старите фотографии остана се до денес јули 2020 година.
Мојата љубов за магијата на фотографијата и за важноста на старите фотографии, резултира со пишување и на оваа моја книга.
Мојата почит кон моите учители и моите соученци ја искажав со пишување на посебен текст во 2010 година под истиот наслов во Мојата книга: 60 Години Спорт во Лешок ( стр. 36 - 65 – извор: ред. бр. 3).
Почитта кон моите соученици и учители продолжи и резултираше во 2019 година со напишана посебна книга за Мојата генерација ученици 1949/50 од Лешок ( во хартиена книга и во ЦД Диск Електронска книга), во која детално и со многу податоци и фотографии ги запишувам моментите од Школските денови во основното училиште во Лешок и осмолетката во Теарце, а посебно имам поглавија и за Моите учители ( стр.69-74 и стр. 90-93 - извор : ред. 63 и 69 ).
Со Господ напомош планирам ова 2020 или 2021 година да издадам и посебна книга за Моите учители и моите соученици од Лешок и Македонија ( Теарце, Тетово и Скопје), а повеќе за оваа книга види ( извор: ред. бр. 64 ).
Преку 16 ученици кои се школуваа во училиштето во Лешок, кога пораснаа почнаа да пишуваат текстови, книги и друго, кои се однесуваат на нивната професионална дејност. Повеќе за учениците кои учеа во школото во Лешок, а кои имаат напишано разни текстови и книги види ( стр. 96-104 – извор: ред. бр. 63 и 69 ).

*) Ве известувам дека комплетно ова поглавие: УЧИТЕЛИ И УЧЕНИЦИ ОД ЛЕШОК ВО СТАРИ ФОТОГРАФИИ, ќе го објавам во истиот наслов на оваа книга: Лешок од Македонија во фотографии, а која ќе биде издадена на ЦД Диск во Електронска форма ( види, извор: ред. бр. 5).

Би сакал да споменам дека четири ученици, кои се родени и се школуваа во Лешок, кога пораснаа почнаа да пишуваат текстови и напишаа посебни книги за нашето родно село Лешок: Спироски Живко Митко, Петрушевски Никола Илија Момировски Петре Борис и Спироски Трпко Живко, види ( стр. 96-104 – извор: ред. бр. 63 и 69 ).

| | | | |
|---|---|---|---|
|  |  |  |  |
| Митко, Лешок,1949 | Илија, Лешок, 1942 | Борис, Лешок,1941 | Живко, Лешок,1924 |

Учениците родени во Лешок-по возраст ( Митко Спирски, Илија Петрушевски, Борис Момировски и Живко Спироски), напишаа книги со теми од Лешок

Подолу ги внесувам насловните страни од кориците на четирите мои книги, во кои пишувам за моите учители и моите соученици, а кои претходно ги споменав.




( извор: ред. бр. 3 )



( извор: ред. бр. 63 и ред. бр 69 )




( извор: ред. бр. 5 )




( извор: ред. бр. 64 )

Во продолжение внесувам само неколку фотографии за учениците и учителите од Лешок, а прва и најстара ја внесувам фотографијата од 1917 год., на која се сликани учениците од Лешок, а свештеноучител бил поп Ѓиго Ончев Онуфриевски.



Ученици од Лешок во црковното училиште во Лешочкиот манастир, сликан од брдото под Кале во 1917, со јереј Глигорие (поп Ѓиго) поп Спиров Онуфриевски, кој ги учел децата веронаука





(Лешочки манастир, Март,1924, учителот Трпо Онуфриевски, игумен Саво, учителка Добрила Милошевска и сопругот Љубо-пензионер и учителот Вукашин Пеќанац, србин )
(Lesok Monastery, March 1924, the teacher Trpo Onufrievski, prior Savo, teacher Dobrila Miloshevska and her husband Ljubo -pensioner and The theacher Vukashin Pechanac, srbin )



( Дедо ми Трпо Онуфриевски, учител во Отуње 1929 год, со баба ми Цвета и ќерката Олга)
( My grandfather Onufrievski,a teacher in Otunje 1929 with my grandmother Cveta and their daughter Olga)




( Дедо ми Трпо Онуфриевски, учител во Отуње 1925 год, )
( My grandfather Onufrievski,a teacher in Otunje 1925 )




Училиште Лешок, 1937/38, лево,учител Жико и жена му Јелица, десно учител Светислав Б. Орловиќ со жена му и бебе
School in Lesok, 1937/38,on the left teacher Ziko and his wife Jelica, on the right teacher Svetislav B.Orlovic with his wife and baby



( ОУ Кирил Пејчинович,Лешок,1951/52, учители Рада Симовска, Тетово и Петар Ристовски,Теарце )
( OU Kiril Pejcinovic,Lesok,1951/52, teachers Rada Simovska, Tetovo and Petar Ristovski, Tearce )



( Ученици од второ и четворто одделение во Основно училиште во Лешок, учебна 1957/58, учителки Јелица ( Николовска ) Ацевска од Лешок и Рада Симовска од Тетово )



( Осмо одделение во Осмолетка во Теарце, учебна 1963/64, класен Боге Стефановски од Теарце )

*) Целосниот текст од горното поглавие продолжува во книгата: Лешок од Македонија во фотографии, која ќе биде издадена на ЦД Диск во Електронска форма ( види извор: ред. бр. 5).